Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

ул. Македонија бр. 19 1000, Скопје
тел./факс 023129335 ;
email: contact@ombudsman.mk

**НП бр.3450/16**
**28.06.2017** год.
**Скопје**

**До**
**Коалиција„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
**Бул:„Климент Охридски“бр.66-1/3**

**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување за завршување на постапката**

Во однос на поднесената претставка, Народниот правобранител на 19.12.2016 година, писмено Ве извести дека отвори постапка во врска со искажаната поплака за повреда и вршење на дискриминација врз основ на брачен и семеен статус и религија во областа на образованието, поради дискриминаторските содржини кои се содржани во учебникот „Општество“ за 4-то одделение.

Во рамки на нашето постапување по согледување на спорните содржини кои и за Народниот правобранител претставуваат повреда на правото на образование и содржина која не соодветствува на сегашните стандарди на живеење, следуваа три поединечни обраќања, односно Препораки за начинот на отстранување на констатираните повреди до Министерството за образование и наука, до Бирото за развој на образование и до Педагошката служба - Национална комисија за учебници.

Согледувајќи ги наводите од претставката, Народниот правобранител дословно ги цитираше спорните делови од учебникот „Општество“ за 4-то одделение при што наведе во координација меѓу Министерството за образование и наука и надлежните служби да подготват измена на Наставната програма по предметот Општество за 4-то одделение, по што би следела измена на учебникот и спорните текстови.

Воедно во упатената Препорака наведе дека и во другите делови на учебникот постојат спорни текстови и содржини кои се неточни, вознемирувачки и дискриминаторски по други основи кои се нотиртани и од страна на Народниот правобранител, поради што препорача преземање соодветни дејствија во насока учебникот да претрпи измена и ревидирање на сите негови спорни содржини, или

пак да се повлече од употреба, согласно член 26 став 2 од Законот за учебници за основно и средно образование, и да се започне со постапка за издавање на нов учебник кој ќе ја промовира и почитува различноста и човековите права на сите граѓани, согласно домашните позитивни закони и меѓународните стандарди за образование.

Следствено на упатените Препораки до надлежните органи, Педагошката служба и Бирото за развој на образованието по неколку доставени ургенции доставија одговори кои за Народниот правобранител не се суштествени меѓу другото затоа што сериозно не се разгледани препораките, односно службите одговорноста за пшостапување ја префрлуваат едни на други. Во овој случај поранешниот министер за образование и наука воопшто не достави одговор и по неколкуте наши обраќања.

Со оглед на погоре презентираното и поради немање на разрешница по конкретниот предмет по кој се констатирани повреди по неколку основи, Народниот правобранител согласно член 25 од Законот за народниот правобранител на 08.06.2017 година упати **Посебен извештај за попречување на работата до непосредно повисокиот орган**, односно до новата министерка за образование при што укажа согласно надлежностите да преземе мерки и дејствија и да ги задолжите надлежните служби и органи при Министерството за образование и наука да извршат сеопфатна анализа и да пристапат кон измена/бришење на спорната содржина на учебникот „Општество“ за 4-то одделение, со цел да се добие еден квалитетен учебник кој ќе им послужи на повеќе генерации во образовниот систем.

Во контекст на изнесеното Народниот правобранител со Посебниот извештај побара и ја извести министерката дека е потребно поради зачестено добивање на претставки кои се однесуваат на содржината на учебниците, сериозно да се пристапи кон разгледување на овој проблем, особено да се посвети сериозно внимание на стручноста на кадарот кој е инволвиран во рецензиите на учебниците за основно и средно образование, се со цел создавање на поквалитетно и стручно образование кое правилно ќе ги насочи децата и младите, ќе ја развие свеста за различностите, а воедно ќе ги подготви да се справат со предизивиците на демократското општество.

На 23.06.2017 година министерката за образование и наука со писмен допис бр.12-7502/4 од 22.06.2017 годинаго извести Народниот правобранител дека постапувајки по Посебниот извештај, согласно член 26 став 3 од Законот за учебници во основното и средно образование, формирала комисија за разгледување и повлекување на учебникот по предметот „Општество“ за 4-то одделение од авторката Билјана Живковиќ.

Воедно во одговорот се наведува дека доколку Комисијата утврди дека во учебникот има содржина со која се навредува историјата, културата и другите вредности на граѓаните на Р. Македонија, истиот ќе претрпи измени или ќе биде ревидиран во целост. Во прилог на одговорот министерката достави до Народниот правобранител Решение за формирање на Комисија за давање предлог за повлекување од употреба на одобрен учебник, со кој акт седумина нови членови се задолжуваат во рок од 10 дена од приемот на Решението да достават до министерот за образование и наука предлог за повлекување на одобрениот учебник.

На крајот на ова Известување Народниот правобранител Ве информира дека ќе продолжи да ја следи постапката по конкретниот случај и произнесување на формираната Комисија, како и дополнително преземени дејствија од релевантните служби на ресорното Министерство.

Имајќи го предвид изнесеното Ве известуваме дека Народниот правобранител ја завршува постапката по Вашата претставка согласно член 35 од Законот за народниот правобранител.

**Изработил: М.П**

**ЗАМЕНИК НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Васка Б-Мустафа**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ СКОПЈЕ